Македонско Геолошко Друштво
ГЕОЛОГ
Бр. 609-5/1
07-05. 2025 год.
СКОПЈЕ

Друштво за производство, трговија и услуги
БУЧИМ дооел
Бр. 03-5997/1
07-05-2025 20 год.
РАДОВИШ

МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Склучен во Скопје, на ден 07-05. 2025 година помеѓу

Македонско Геолошко Друштво ГЕОЛОГ,Скопје (Во понатамошниот текст: Првата страна), од Скопје,со седиштена ул. Дрезденска бр. 52, претставуван од Претседателот на Македонското геолошко друштво- Геолог проф. Д-р Соња Лепиткова, и

ДПТУ БУЧИМ ДООЕЛ Радовиш , од Радовиш ,со седиште на ул. Маршал Тито бб, претставуван од Управителот Александр Раков, (Во понатамошниот текст: Втората страна)

I. Општи одредби

Член 1
Цел

Предмет на овој Меморандум претставува соработката помеѓу Втората страна и Првата страна (во натамошниот текст: страни потписнички на овој Меморандум), заради реализирање на заеднички активности во насока на развој и унапредување на практиката и науката во подрачјето на геологијата во Република Македонија и промовирање и афирмација на геологијата како природна фундаментална наука со незаменливо значење за унапредување на економскиот и социјалниот развој.

Страните се согласуваат да воспостават меѓусебна соработка врз основа на заеднички интереси поврзани со развојот и примена на геолошките науки, одржливо рударство, едукација, истражување и заштита на животната средина.

Член 2
Активности

Во насока на остварување континуирана соработка заради остварување на целите од член 1, страните потписнички на овој Меморандум се согласуваат да учествуваат во следните активности:

1. **Стручна и научна поддршка и консултантски услуги што опфаќа:**
   - Давање/ изработка на стручни мислења, студии, геолошки елаборати, стратегии, анализи и планови за развој на рудниците.
   - учество на претставници на Првата страна во **комисии или стручни совети** поврзани со геолошко-рударските прашања.
2. **Доживотно учење, образование и едукација што опфаќа:**
   - Организирање обуки и семинари и други форми на учење за вработени во рудниците за нови геолошки, хидрогеолошки, геохемиски и мониторинг практики.
   - Поттикнување на стручно усовршување и заедничка поддршка на млади геолози и технички кадар, вклучително и можности за пракса или истражувачки проекти во рудниците.

3. **Заеднички проекти што опфаќа** Подготовка на апликации за домашни и меѓународни фондови, заедничко иницирање и учество во спроведување на научно-истражувачки и применети проекти особено во областа на геологијата, животната средина, хидрогеологијата и влијанијата од рударските активности и одржливо рударство.
4. **Заштита на животната средина и геолошкото наследство што опфаќа:**
   - Соработка за следење и управување со влијанија врз животната средина предизвикани од рударските активности преку обука, подготовка на студии,истражување или советувањеч и
   - Поттикнување на одговорно рударство и афирмација на етички принципи во ископ и експлоатација на минерални суровини.
5. **Промоција и афирмација на геологијата:**
   - Заедничко организирање или учество на настани, конференции, симпозиуми или стручни манифестации каде рудниците би се афирмирале како поддржувачи на геолошката наука.
   - Учество на рудниците во стручни екскурзии, студиски посети, теренски посети или образовни настани организирани од Првата страна.
6. **Издавачка дејност** преку соработка во издавање на публикации или стручни трудови поврзани со резултати од рударски истражувања, мониторинг, иновации итн.ч како и Соработка во издавање на публикации од заеднички интере; размена на публикации, анализи и податоци.
7. **Развој на млади кадри и вклучување на заедницата преку:**
   - Поддршка на стручно усовршување на млади геолози и студенти.
   - Поддршка на магистерски и докторски истражувања поврзани со рудници.
   - Организирање отворени денови, едукативни програми или вклучување на ученици/студенти за рударски локации.

Начин на регулирање на права и обврски на страните за спроведување на активностите од заеднички интерес

Член 3

Стручна и научна поддршка и консултантски услуги за потребите на Втората страна

Првата страна се согласува на учество на членови на Првата страна во елаборирање на стручни документи, студии, планови, стратешки и плански документи за потребите на Втората страна, и за давање на други услуги од важност за нејзиното работење.

Деталните активностите од став 1 овој член и начинот и условите за нивна реализација ги утврдуваат страните заеднички, во согласност со договор за услуги кој го склучуваат страните како Прилог кој е интегрален дел на овој Меморандум.

Член 4

Доживотно учење, образование и едукација

Заради спроведување обуки, настани и програми, предавања, семинари, како доживотно учење, Првата страна се согласува да спроведе обуки за стекнување нови знаења на кадарот на Втората страна во насока на обезбедување квалитетно и

континуирано дообразување преку форми на континуирано формално и неформално образование.

Активностите од став 1 од овој член ги вршат членови на Првата страна стручни во областа за која Втората страна бара дополнителна едукација и обука.

Деталните активностите од став 1 од овој член, потребата од обуки и тренинзи и организирање на други форми на дообразување, областите во кои ќе се спроведуваат активностите и начинот на реализација на активностите ги утврдуваат страните заеднички, на предлог на Втората страна и во согласност со потребите за обуки и форми на образување и можностите на Втората страна.

Првата страна се согласува да изврши анализа за потребите од дообразување на кадарот на Втората страна согласно член 3 од овој Меморандум.

Документот во кој се утврдуваат деталните активности, ќе претставува Прилог и интегрален дел на овој Меморандум.

Член 5

Спроведување на заеднички научни и стручни собири, апликативни и стручни проекти

Страните се согласуваат, најмалку еднаш годишно да организираат, учествуваат и спроведат заеднички научни и стручни собири во областа на геологијата, животната средина, хидрогеологијата и влијанијата од рударските активности, како и одржливо рударство.

Страните се согласуваат заеднички да настапуваат заради спроведување апликативни и стручни проекти финансирани од надворешни фондови, со цел подигнување на квалитетот и компетитивноста во работење и усогласување со меѓународни и национални стандарди и правила.

Деталните активностите од став 1 и 2 од овој член, страните заеднички ги утврдуваат .

Документот од став 3 од овој член во кој се утврдуваат деталните активности, ќе претставува Прилог и интегрален дел на овој Меморандум.

Член 7

Развој на млади кадри и вклучување на заедницата преку

Заради развој и усовршување на млади кадри на Првата страна, Втората страна се согласува да овозможи работа и пракса за млади геолози на Првата страна во Втората страна согласно програмата и можностите на Втората страна и по основа на Протокол кој страните заеднички ќе го развијат.

Деталните активностите од став 1 овој член, и Протоколот од став 1 од овој член, ги утврдуваат страните заеднички, во Прилог кој е интегрален дел на овој Меморандум.

Член 8

За спроведување на активностите од заеднички интерес, Страните ќе комуницираат преку доставање на Предлог / Иницијатива за активностите од Член 2 на овој Меморандум.

Страната која прима Предлог / Иницијатива се обврзува образложено да одговори во разумен рок.

Член 9

Страните ја признаваат комуникацијата преку електронска пошта за правно обврзувачка.

Одговорно лице за контакт на Првата страна е Соња Лептиткова.

Одговорно лице за контакт на Втората страна е Кристина Крстева e-mail kkrsteva@bucim.mk.

За следење и реализација на активностите по основ на овој Меморандум, страните се согласнуваат да формираат заедничка комисија за евалуација на соработката и резултатите од истата.

Член 10

Содржината на овој Меморнадум може да се менува со писмена согласност на страните потписнички на овој Меморандум. Истиот може да биде раскинат од кој било потписник по претходна најава од 15 дена.

Член 11

Овој Меморандум ќе биде потишан во 4 идентични примероци примероци од кои по 2 за двете страни.

Член 12

Овој Меморандум стапува на сила од денот на потпишувањето.

Скопје 07/05/2025

За ВТОРАТА СТРАНА
Александр Раков Управител

За ПРВАТА СТРАНА,
Проф. Д-р Соња Лепиткова. Претседател